РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04-4317/16
05.08.2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел:++389 (0) 31 375 035 Факс:++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на чл.52 ст.1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка ја донесе следната:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРВОРАНГИРАН КАНДИДАТ

По интерниот оглас број 01/2025 со деловоден број 04-4317/5 од 18.07.2025 година, објавен на 21.07.2025 година на веб страната на Општина Крива Паланка и Агенцијата за администрација за пополнување на работно место со унапредување реден број 1. **Раководител на одделение за правни и општи работи,** ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000 во одделение за правни и општи работи при сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределно време се избира :

**Биљана Тасевска** со адреса с. Гиневци – Општина Ранковце.

Административната службеничка ќе биде унапредена по завршување на постапката за избор, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе Решение за унапредување.

Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

На ден 21.08.2025 година истовремено на интернет страницата на Општина Крива Паланка и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас број 01/2025 за пополнување на работно место со унапредување со реден број 1. Раководител на одделение за правни и општи работи, ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000 во одделение за правни и општи работи при сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределно време.

На интерниот оглас за наведеното работно место во законски опредлениот рок беа поднесени 2 пријави заведени под број 04 – 4317/8 од 24.07.2025 година и број 04-4317/10 од 25.07.2025 година преку архивата на Општина Крива Паланка до Одделението за човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на Општина Крива Паланка.

Со Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка број 04-4317/11 од 28.07.2025 година е формирана Комисија за селекција за унапредување по добиената номинација на членови од Агенцијата за администрација број 10-1950/2 од 22.07.2025 година, примен во Општина Крива Паланка под број 04-4317/9 од 25.07.2025 година.

Од страна на одделението за човечки ресурси на Комисијата со дописот достава на документи број 04-4317/12 од 04.08.2025 се предадоа затворени пликоа со пријави за унапредување и доставените докази, како и изводот од персоналните досиеа на пријавените кандидати.

Комисијата направи административна селекција со цел проверка дали кандидатите ги исполнуваат условите за унапредување и изврши бодирање за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-4317/13 од 04.08.2025 година.

Од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка на ден 05.08.2025 година се спроведе интервију, а комисијата подготви финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за што се состави записник бр.04-4317/14 од 05.08.2025 година.

Комисијата подготви допис број 04-4317/15 од 05.08.2025 година и до Градоначалникот ја достави финалната ранг листа на интервјуираните кандидати врз основа на бодовите од административната селекција, бодовите од интервјуто и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место под реден број 1. Раководител на одделение за правни и општи работи, ниво Б4, шифра УПР 01 01 Б04 000 во одделение за правни и општи работи при сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот во Општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, на неопределно време.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од три дена по добивање на предлогот донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

Да се достави до:
- кандидатите за унапредување
- одделение за човечки ресурси
- архива на општина Крива Паланка
- да се објави на интернет страна на Општината

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**